ИЗВАДОК ОД СПОГОДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКАТА ПЛАТА ЗА НАЈНИЗОК СТЕПЕН НА СЛОЖЕНОСТ И ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ

(„Сл.весник на РМ“, бр. 179/18)

Член 1

Со оваа Спогодба се уредува начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност во Република Македонија.

Член 2

При уврдување на најниската плата се поаѓа особено од: трошоците на живот, економските можности на стопанството, општото ниво на платите во земјата, нивото на продуктивноста, социјалните давања и други економски и социјални фактори и се утврдува во износ од 13.286,00 денари.

Пресметувањето на најниската плата утврдена во ставот 1 на овој член ќе отпочне да се применува со исплата на платата за месец септември 2018 година.

Член 3

Најниската плата за одделни степени на сложеност за полно работно време и нормален учинок на вработен во јавна здравствена установа и на здравствен работник вработен во казнено-поправни и воспитно-поправни установи во кои се спроведуваат одредени мерки од здравствената дејност на примарно ниво на лицата сместени во нив ќе се утврдува така што износот на најниската плата од член 2 на оваа Спогодба (13.286,00 денари) се множи со соодветниот коефициент за одделни степени на сложеност утврдени во Колективниот договор за здравствената дејност.

Член 4

Основната плата на работникот согласно Колективниот договор не може да биде пониска од минималната плата утврдена со Законот за минимална плата во Република Македонија.

Доколку платата за одделни степени на сложеност, пресметана на начин утврден во член 3 од оваа Спогодба изнесува помалку од минималната плата во Република Македонија, истата треба да се зголеми до износот на минималната плата.

Член 9

Оваа Спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува со исплата на платата за месец септември 2018 година.